**20212193679**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 24 став (4) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20), министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.225/20) во точката 2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ насловот на потточката 2.7. се менува и гласи:

„Извод од урбанистички план“.

Член 2

Членот 20 се менува и гласи:

„(1) Извод од урбанистички план е копија од графичкиот и текстуалниот дел на планот со нумеричките податоци, општите и посебните услови за спроведување на планот, што се однесуваат на една градежна парцела, дел од планот или на целиот план, во зависност од потребите на барателот.

(2) Извод од урбанистички план содржи графички и текстуален дел.

(3) Графичкиот дел содржи план на намена на површините, сообраќаен план со профили, типови на раскрсници и елементи на сообраќајници и нивелациски план, план на инфраструктура, синтезен план, табеларна презентација на нумерички податоци за посебните услови за спроведување на планот.

(4) Текстуалниот дел содржи општи и посебни услови за просторен развој и за спроведување на планот, како и нумерички податоци за услови за планирање на просторот.“

Член 3

Во член 43 ставот (3) се менува и гласи:

„Предмет на уредување на урбанистички план вон населено место не може да биде нова градска населба, приградска населба, селска населба или заселок, проширување на подрачје на град или село, ниту да биде во зоната на природно идно ширење на населеното место.“

Член 4

Во член 44 ставот (2) се менува и гласи:

„Плански опфат на урбанистички план вон населено место се лоцира на подрачје кое не претставува планирана или логична перспектива на ширењето на најблиското населено место.“

Ставот (4) се менува и гласи:

„Со плански опфат на урбанистички план вон населено место може да се уредуваат простори околу населените места кои не се третираат како сателитски населби или функционални делови од населените места, односно не претставуваат одделни делови од планските опфати на генерален урбанистички план и на урбанистички план на село, или делови од планските опфати што не претставуваат одделени населби или други урбани намени што му припаѓаат на градот или селото.“

Член 5

Во член 57 во ставот (3) по зборовите: „катастарските парцели,“ се додаваат зборовите: „како и поради зафаќање на земјиште со реализирана сообраќајница во граници на градежна парцела утврдени во ист урбанистички план, заради остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес согласно член 7 од овој правилник,“.

Во ставот (4) зборовите: „максималната виочина“ се заменуваат со зборовите: „максималната височина, утврдениот број на станбени единици, како“.

Член 6

Во член 61 став (1) во точката 5 по алинејата 13 се додава нова алинеја 14 која гласи:

„- градежни линии за инфраструктурни водови и градби на инфраструктури,“.

Член 7

Во член 77 став (1) точка Г- РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА во потточката Г1.7 зборовите „млечни производи,“ се бришат.

Во потточката Г2.2 по зборовите: „производство на храна,“ се додаваат зборовите: „млечни производи,“.

Во потточката Г4.1 по зборовите: „индустриска стока“ се додаваат зборовите: „дистрибутивни центри со складови“.

Во точката Е – ИНФРАСТРУКТУРИ во потточката Е2.1 по зборовите: „автобуски станици“ се додаваат зборовите: „терминуси за автобуси, терминали за автобуси, други терминали за јавен сообраќај, полигони за обука на возачи,“.

Член 8

Во член 83 во ставот (10) зборовите: „се некомпатибилни за сите урбани групи на класи на намени“ се заменуваат со зборовите: „се некомпатибилни со групите на класи на намени А и В“.

Член 9

Во член 117 во ставот (3) зборовите: „како ориентација“ се бришат.

Член 10

Во член 140 по ставот (15) се додава нов став (16) кој гласи:

„(16) Доколку по должината на примарната улична мрежа од став (2) на овој член постои изграден вреден и неамортизиран градежен фонд за кој не постојат економски претпоставки дека ќе биде експроприран и рушен поради проширување на сообраќајните коридори, улиците од примарната мрежа од став (2) на овој член треба да се планираат со најмалите дозволени попречни профили согласно член 146 став (1) и член 148 од овој правилник, а крстосувањето на истите се планира во едно ниво. Минималното растојание на две крстосници во ниво треба да биде во согласност со член 155 од овој правилник.“

Член 11

Во член 147 ставот (2) се менува и гласи:

„Оптимален попречен профил на магистрална улица низ село се состои од еден коловоз со две сообраќајни ленти и два тротоари, со вкупна широчина од 15,00м.“

Член 12

Во член 148 ставот (2) се менува и гласи:

„Оптимален попречен профил на собирна улица се состои од еден коловоз со четири сообраќајни ленти, две велосипедски ленти, два тротоара со дрворед со вкупна широчина од 25,00м.“

Член 13

Во член 149 ставот (2) се менува и гласи:

„Оптимален попречен профил на сервисна улица се состои од еден коловоз со две сообраќајни ленти и една паркинг лента, две велосипедски ленти, два тротоари со дрворед со вкупна широчина од 20,00м.“

Член 14

Во член 150 ставот (2) се менува и гласи:

„Оптимален попречен профил на станбена улица се состои од еден коловоз со две сообраќајни ленти и една паркинг лента, една двосмерна велосипедска лента и два тротоари со дрворед со вкупна широчина од 17,00м.“

Член 15

Во член 151 ставот (2) се менува и гласи:

„Оптимален попречен профил на индустриска улица се состои од еден коловоз со четири сообраќајни ленти, една двосмерна велосипедска лента и два тротоари со дрворед со вкупна широчина од 23,00м.“

Член 16

Во член 155 во ставот (5) во воведната реченица зборовите: „уличната мрежа“ се заменуваат со зборовите: „уличната мрежа во“, а по зборовите „и други придружно услужни објекти,“ се додаваат зборовите: „вклучително и автобуски станици, терминуси за автобуси, терминали за автобуси и други терминали за јавен сообраќај,“.

Член 17

Во член 156 ставот (2) се менува и гласи:

„Кога предмет на урбанистички план е изградено подрачје со вреден и неамортизиран градежен фонд или со други градби за кои не постојат економски претпоставки дека ќе бидат експроприрани и рушени поради проширување на сообраќајните коридори, со планот не треба да се планира квантитативно зголемување на урбанистичките параметри за градење во планскиот опфат односно градежните парцели (намена на земјиштето и градбите, процент на изграденост, коефициент на искористеност, вкупно развиена површина, број станбени единици, спратност и максимална висина) што ги надминуваат капацитетите и проточноста на планираната односно постојната улична мрежа.“

Член 18

Во член 187 во ставот (3) по зборот „села“ се додаваат зборовите „или нивни делови изградени во минатото без стандарди или непლански изградени села“.

Член 19

Во Прилогот табелата „КЛАСИФИКАЦИЈА НА ГРАДБИ И НАМЕНИ“ се менува и гласи:

„

| Реден број | Назив на група на класи на намени, класа на намени и намена | Ознака |
|---|---|---|
| | **ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ** | |
| | **Куќи за домување** | **А1** |
| 1. | Куќи со двор | **А1.1** |
| 2. | Семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи | **А1.2** |
| 3. | Семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни | **А1.3** |
| 4. | Семејни куќи со атриуми со повеќе споени ѕидови на меѓа | **А1.4** |
| 5. | Вили и резиденции | **А1.6** |
| 6. | Семејни куќи за времен престој – викенд куќи | **А4.3** |
| 7. | Планински или ловечки куќи | **А4.4, А4.5** |
| 8. | Куќи во состав на селски стопански двор | **А1.5** |
| 9. | Куќи за потребите на селскиот туризам | **А4.7** |
| | **Згради за домување** | **А2** |
| 10. | Слободностоечки згради со двор | **А2.1, А2.2** |
| 11. | Згради за домување со споен ѕид | **А2.1, А2.2** |
| 12. | Згради за домување во низа | **А2.1, А2.2** |
| 13. | Сложени терасести згради | **А2.1, А2.2** |
| 14. | Станбени кули | **А2.1, А2.2** |
| 15. | Периметрални згради со внатрешен двор | **А2.1, А2.2** |
| 16. | Големи згради со сложена павиљонска основа | **А2.1, А2.2** |
| 17. | Големи згради во состав на сложени градби | **А2.3** |
| | **Станбени комплекси** | **А1, А2** |
| 18. | Станбени комплекси со семејни куќи | **А1** |
| 19. | Станбени комплекси со згради | **А2** |
| | **Градби за заедничко домување** | **А3** |
| 20. | Згради за престој на ученици | **А3.1** |
| 21. | Згради за престој на студенти – студентски домови | **А3.2** |
| 22. | Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица | **А3.3** |
| 23. | Згради за престој на работници | **А3.4** |
| 24. | Згради за деца без родители | **А3.5** |
| 25. | Згради за пренокување и исхрана на бездомници | **А3.6** |
| 26. | Згради за престој на избеглици | **А3.7** |
| 27. | Згради за престој на самци | **А3.4** |
| | **Градби за времено сместување** | **А4, Б5** |
| 28. | Хотели | **Б5.2** |
| 29. | Хотели во состав на аеродромски комплекси | **Б5.2** |
| 30. | Хотели во состав на трговски комплекси | **Б5.3** |
| 31. | Хотелски комплекси | **Б5.1** |

| | | |
|---|---|---|
| 32. | Мотели | **А4.2** |
| 33. | Хостели | **А4.1** |
| 34. | Пансиони | **А4.1** |
| 35. | Згради за времено сместување со апартмани и студија | **А4.1** |
| 36. | Планинарски домови, планински куќи | **А4.4** |
| 37. | Ловни домови, ловни куќи | **А4.5** |
| 38. | Кампови со бунгалови | **А4.6** |
| 39. | Спортски кампови | **А4.6** |
| 40. | Детски и младински кампови | **А4.6** |
| | **Згради за сместување на војска** | **В7** |
| 41. | Згради за редовен престој на војска | **В7.1** |
| 42. | Згради за престој на резервен состав на војска | **В7.1** |
| 43. | Караули и стражарски единици | **В7.1** |
| 44. | Касарнски комплекси | **В7.1** |
| | **Згради за присилен престој на луѓе** | **В7.2** |
| 45. | Притворни затвори | **В7.2** |
| 46. | Казненопоправни центри | **В7.2** |
| 47. | Затвори | **В7.2** |
| 48. | Затвори со посебно обезбедување | **В7.2** |
| | **Згради за полиција и противпожарни единици** | **В7** |
| 49. | Полициски станици | **В7.3** |
| 50. | Згради за специјални полициски единици | **В7.3** |
| 51. | Противпожарни станици | **В7.4** |
| | **ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ** | |
| | **Угостителски згради** | **Б1 , Б3** |
| 52. | Ресторани - мали | **Б1.5** |
| 53. | Ресторани - големи | **Б3.1** |
| 54. | Кантини - мали | **Б1.5** |
| 55. | Кантини - големи | **Б3.1** |
| 56. | Кафеани | **Б1.5** |
| 57. | Барови - мали | **Б1.6** |
| 58. | Барови - големи | **Б3.3** |
| 59. | Ноќни клубови | **Б3.3** |
| 60. | Дискотеки | **Б3.5** |
| 61. | Казина | **Б3.6** |
| 62. | Бифеи | **Б1.6** |
| 63. | Слаткарници | **Б1.7** |
| 64. | Кебачилници, сендвичари и други мали единици за храна | **Б1.5** |
| | **Деловни згради** | **Б4** |
| 65. | Деловни згради со канцеларии и управни корпорациски згради | **Б4.1, Б4.2** |
| 66. | Администрации со шалтерски сали | **Б4.3** |
| 67. | Банки во згради | **Б4.5** |
| 68. | Пошти, телекомуникации | **Б4.3** |
| 69. | Осигурителни компании во згради | **Б4.4** |
| | **Деловни згради со сали за собири** | **Б4** |
| 70. | Конференциски згради | **Б4.6** |
| 71. | Конференциски и конгресни центри | **Б4.6** |

| | | |
|---|---|---|
| 72. | Деловно-коференциски комплекси | **Б4.6** |
| | **Згради на органите на државната власт** | **В4** |
| 73. | Министерства | **В4.1** |
| 74. | Агенции, управи, дирекции, регулаторни тела | **В4.6** |
| 75. | Администрации со шалтер сали: здравствени, пензиски и други | **В4.6** |
| 76. | Владини управни комплекси | **В4.1** |
| 77. | Згради на органите на локалната самоуправа | **В4.8** |
| | **Згради на судската власт со сали за повеќе луѓе** | **В4.2** |
| 78. | Судови до 6 сали | **В4.2** |
| 79. | Големи судови над 6 сали | **В4.2** |
| 80. | Парламентарни згради | **В4.3** |
| 81. | Згради на дипломатски претставништва | **В4.7** |
| 82. | Згради на меѓународни организации | **В4.9** |
| 83. | Амбасадски комплекси | **В4.7** |
| | **Згради за трговија** | **Б2** |
| 84. | Мали објекти за трговија со мешана стока | **Б1.4** |
| 85. | Мали објекти за трговија со специјализирана стока | **Б1.1 Б1.3** |
| 86. | Трговски згради и стоковни куќи | **Б2.3** |
| 87. | Големи специјализирани салони (автомобили, мебел и сл) | **Б2.5** |
| 88. | Супермаркети за храна и домашни потреби | **Б2.4** |
| 89. | Отворени трговски центри во комплекс од повеќе градби | **Б2.2** |
| 90. | Затворени трговски центри во една сложена градба | **Б2.2** |
| 91. | Саемски комплекси | **Б6.4** |
| 92. | Саемски хали | **Б6.4** |
| 93. | Покриени и/или затворени зелени пазари | **Б2.1** |
| 94. | Згради за трговина на големо | **Б2.6** |
| 95. | Хали за трговија на големо | **Б2.6** |
| 96. | Складишта затворени најмалку од 3 страни | **Б2.6** |
| | **ЗГРАДИ ЗА КУЛТУРА** | |
| | **Згради со сали за голем авдиториум** | **В3** |
| 97. | Концертни сали | **В3.7** |
| 98. | Филхармонии | **В3.7** |
| 99. | Театри | **В3.2** |
| 100. | Опери, балети | **В3.8** |
| 101. | Кина и кинотеки | **В3.5** |
| 102. | Вариетеи | **В3.9** |
| 103. | Циркуси | **В3.9** |
| | **Згради со сали за изложби и изведби** | **В3** |
| 104. | Изложбени галерии | **В3.4** |
| 105. | Згради во зоолошки градини | **В3.10** |
| 106. | Згради за комбирнирани мултимедиски настани | **В3.4** |
| 107. | Згради во забавни паркови | **В3.10** |
| 108. | Сали за играње и танцови | **В3.9** |
| | **Комплекси за културни дејности и забава** | **В3** |
| 109. | Комбинирани културни центри | **В3.6** |
| 110. | Културни домови | **В3.6** |
| 111. | Комплексни забавни паркови | **В3.10** |
| 112. | Синеплекси | **В3.1** |

| | | |
|---|---|---|
| 113. | Зоолошки градини | **В3.10** |
| | **Згради за спорт, спортски настани и други масовни настани** | **Б6** |
| 114. | Кошаркарски хали | **Б6.2** |
| 115. | Ракометни хали | **Б6.2** |
| 116. | Хали и арени за тенис | **Б6.2** |
| 117. | Хали за повеќе спортови | **Б6.3** |
| 118. | Хали за атлетски дисциплини | **Б6.2** |
| 119. | Спортски базени, пливалишта и скокалишта | **Б6.2** |
| 120. | Стадиони за фудбал | **Б6.1** |
| 121. | Арени за фудбал и атлетика | **Б6.1** |
| | **Згради за чување и излагање на културна и научна граѓа** | **В3** |
| 122. | Специјализирани музеи | **В3.3** |
| 123. | Музејски комплекси | **В3.3** |
| 124. | Уметнички галерии | **В3.4** |
| 125. | Библиотеки | **В3.5** |
| 126. | Информативно-документарни центри | **В3.5** |
| 127. | Згради за чување на архивска граѓа | **В4.6** |
| | **ЗГРАДИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | |
| 128. | Згради за предшколско образование и грижа | **В2.8** |
| 129. | Јасли | **В2.8** |
| 130. | Градинки | **В2.8** |
| 131. | Специјализирано образование и нега | **В1.1** |
| | **Згради за основно образование** | **В1** |
| 132. | Основни школи | **В1.1** |
| 133. | Специјални школи за хендикепирани деца | **В1.1** |
| | **Згради за средно образование** | **В1** |
| 134. | Гимназии | **В1.2** |
| 135. | Специјализирани средни школи | **В1.2** |
| 136. | Технички, индустриски и други стручни школи | **В1.2** |
| 137. | Непрофесионални школи, за специјална професионална обука | **В1.2** |
| | **Згради за високо образование** | **В1** |
| 138. | Универзитети | **В1.3** |
| 139. | Универзитетски комплекси | **В1.3** |
| 140. | Универзитетски кампуси со престој на студенти | **В1.3** |
| 141. | Факултети | **В1.3** |
| 142. | Уметнички академии | **В1.3** |
| 143. | Високи и виши школи | **В1.3** |
| 144. | Згради за вечерно, дополнително и континуирано образование | **В1.4** |
| | **Згради за научни дејности** | **В1** |
| 145. | Научни институции, научно истражувачки центри | **В1.5** |
| 146. | Научно-истражувачки лаборатории | **В1.6** |
| 147. | Опсерватории | **В1.6** |
| 148. | Метеоролошки станици | **В1.6** |
| | **ЗГРАДИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ** | |
| | **Болници** | **В2** |
| 149. | Општи болници | **В2.4** |
| 150. | Специјални болници | **В2.4** |
| 151. | Хируршки болници | **В2.1** |

| | | |
|---|---|---|
| 152. | Универзитетски болници | **В2.1** |
| 153. | Затворски болници | **В2.2,<br>В2.3** |
| 154. | Војно-медицински установи | **В2.1<br>В2.2<br>В2.3** |
| | **Клиники** | **В2** |
| 155. | Државен клинички центар | **В2.1** |
| 156. | Универзитетски клинички центар | **В2.1** |
| 157. | Градска поликлиника | **В2.1 В2.3** |
| 158. | Клиничка болница | **В2.1<br>В2.3** |
| 159. | Клиники за терминални болести | **В2.1 В2.3** |
| | **Санаториуми** | **В2** |
| 160. | Санаториуми и други болници за долг престој и нега | **В2.6** |
| 161. | Психијатриски санаториуми | **В2.6** |
| | **Амбуланти** | **В2** |
| 162. | Општи амбуланти | **В2.2** |
| 163. | Специјализирани амбуланти | **В2.2** |
| 164. | Амбуланти за брза помош | **В2.2** |
| | **Дијагностички центри** | **В2** |
| 165. | Општи дијагностички центри | **В2.3** |
| 166. | Дијагностички лаборатории | **В2.3<br>Б1.13** |
| | **Згради на домови на здавјето и други здравствени институции** | **В2** |
| 167. | Здравствени домови | **В2.5** |
| 168. | Епидемиолошки заводи | **В2.5** |
| 169. | Центри за јавно здравје | **В2.5** |
| 170. | Медицински ординации | **Б1.13<br>В2.2** |
| 171. | Центри за трансфузија | **В2.2<br>В2.5** |
| | **Ветеринарски институции од урбан тип (миленичиња)** | **В2** |
| 172. | Ветеринарски болници | **В2.9** |
| 173. | Ветеринарски станици | **В2.9** |
| 174. | Ветеринарски болници со стационар | **В2.9** |
| 175. | Ветеринарски ординации | **В2.9** |
| | **ЗГРАДИ ЗА ОБРЕДИ И ПАМЕТНИЦИ** | |
| | **Градби за вршење на верски и други обреди** | **В5** |
| 176. | Цркви | **В5.1** |
| 177. | Џамии | **В5.2** |
| 178. | Синагоги | **В5.3** |
| 179. | Манастири | **В5.4** |
| 180. | Текиња | **В5.5** |
| 181. | Други верски институции | **В5.6** |
| 182. | Капели и згради за испраќање на умрени | **Е2.8** |
| 183. | Мртовечници | **Е2.8** |

| | | |
|---|---|---|
| 184. | Крематориуми | **Е2.8** |
| 185. | Гробишта на озеленети простори | **Д4.3** |
| | **Градби од културното наследство и паметници** | **В6** |
| 186. | Заштитени археолошки градби или остатоци од градби | **В6.1** |
| 187. | Археолошки комплекси, делови од историски населени места | **В6.2** |
| 188. | Заштитени предисториски градби и наоѓалишта | **В6.3** |
| 189. | Споменици | **В6.4** |
| 190. | Меморијални паркови со паметници | **Д4.2** |
| | **ИНДУСТИСКИ ЗГРАДИ ОД ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА** | |
| 191. | Згради од прехрамбената индустија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слич | **Г2.2** |
| 192. | Згради од текстилната индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично | **Г2.4** |
| 193. | Згради од дрвната индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилниц хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично | **Г2.7** |
| 194. | Згради од тутунската индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично | **Г2.2** |
| 195. | Згради од лесната градежна индустрија– фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за производство на асфалт и бетон | **Г2.1** |
| 196. | Згради од за преработка на кожа и обувки – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слич | **Г2.2** |
| 197. | Индустрија за автомобили и делови – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слич | **Г2.5** |
| 198. | Згради од индустрија за бела техника, електроника и предмети за домаќинство – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично | **Г2.6** |
| 199. | Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачи процеси – фабрички комплекси | **Г2 Г2.3 Г2.7** |
| 200. | Индустрија на финални производи и сервисни услуги | **Г3** |
| 201. | Производство на предмети и опрема за домаќинство | **Г3.5** |
| 202. | Производство на инструменти, електроника и прецизни работи | **Г3.6** |
| 203. | Сервиси за машини, алати, инструменти, бела техника | **Г3.2 Г3.3** |
| 204. | Винарии, пивари, пекари | **Г2.9** |
| 205. | Комунални топлани, генераторски станици и ладилници | **Г2.8** |
| 206. | Ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани | **Г3.7** |
| | **Згради за индустриски сервиси резервоари, силоси и складишта** | **Г3, Г4** |
| 207. | Индустриски сервиси | **Г3.1** |
| 208. | Автомобилски сервиси | **Г3.1** |
| 209. | Сервиси за специјализирани производи и услуги | **Г3.3** |
| 210. | Резервоари и цистерни за вода | **Г4.6** |
| 211. | Градби за чување и складиштење на нафта и гас | **Г4.5** |
| 212. | Резервоари и цистерни за нафта, течен гас и нафтени деривати | **Г4.5** |
| 213. | Резервоари и цистерни за хемиски соединенија | **Г4.5** |
| 214. | Силоси за цемент и други суви агрегати | **Г4.6** |
| 215. | Специјализирани складишта | **Г4.4** |

| | | |
|---|---|---|
| 216. | Индустриски ладилници | **Г4.6** |
| | **ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗГРАДИ** | |
| | **Градби за одгледување на животни** | **Г5.1** |
| 217. | Штали за свињи | **Г5.1** |
| 218. | Штали за овци | **Г5.1** |
| 219. | Штали за перната живина | **Г5.1** |
| 220. | Штали за говеда | **Г5.1** |
| 221. | Штали за коњи | **Г5.1** |
| 222. | Специјални штали (за молзење, за несилки и слично) | **Г5.1** |
| 223. | Складишта за храна | **Г5.5** |
| 224. | Кафилерија | **Г5.3** |
| 225. | Ветеринарска амбуланта | **Г5.3** |
| 226. | Хангар за машини | **Г5.4** |
| | **Рибници** | **Г5.6** |
| 227. | Езерски рибници | **Г5.6** |
| 228. | Базенски рибници | **Г5.6** |
| 229. | Базени за одгледување на рибен подмладок | **Г5.6** |
| 230. | Рибници на проточни водотеци | **Г5.6** |
| | **Градби за складиштење на земјоделски производи** | **Г5.5** |
| 231. | Подни складови (вкопани, полувкопани и површински) | **Г5.5** |
| 232. | Ќелијски складови – силоси за зрнеста храна | **Г5.5** |
| 233. | Ќелијски складови – сило-јами | **Г5.4** |
| 234. | Ќелијски складови – сило-кули | **Г5.5** |
| 235. | Згради за складиштење – амбари | **Г5.4** |
| 236. | Складишта за материјали за земјоделско производство (ѓубрива, инсектициди, храна) | **Г5.4, Г5.5** |
| 237. | Земјоделски ладилници | **Г5.5** |
| 238. | Гаражи и хангари за земјоделска механизација | **Г5.4** |
| | **ЗГРАДИ ЗА СООБРАЌАЈ** | |
| | **Згради на патниот сообраќај со инсталации и простори** | **Е2.1** |
| 239. | Автобуски станици, терминуси за автобуси, терминали за автобуси | **Е2.1** |
| 240. | Шпедиции | **Е2.1** |
| 241. | Згради за изнајмување на автомобили | **Е2.1** |
| 242. | Такси компании | **Е2.1** |
| 243. | Катни гаражи | **Е2.1** |
| 244. | Подземни гаражи | **Е2.1** |
| 245. | Згради за технички преглед на автомобили, полигони за обука на возачи | **Е2.1** |
| 246. | Згради на гранични премини на патен сообраќај | **Е2.1** |
| 247. | Згради на цармински терминали | **Е2.1** |
| 248. | Бензински пумпи | **Е2.1** |
| | **Згради на железничкиот сообраќај со инсталации и простори** | **Е2.2** |
| 249. | Железнички станици | **Е2.2** |
| 250. | Товарни станици | **Е2.2** |
| 251. | Ранжирни станици | **Е1.2** |
| 252. | Спремишта – ремизи за локомотиви и вагони | **Е1.2** |
| 253. | Сигнални и скретничарски куќи | **Е2.2** |
| 254. | Железничарски сервиси и ремонт центри | **Е2.2** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Згради за жичен транспорт со инсталации и простори** | **E2.3** |
| 255. | Станични згради на жичари со кабини | **E2.3** |
| 256. | Станични згради на седечки жичари | **E2.3** |
| 257. | Жичарнички депоа | **E2.3** |
| | **Згради на воздушниот сообраќај со инсталации и простори** | **E2.4** |
| 258. | Цивилни аеродроми | **E2.4** |
| 259. | Воени аеродроми | **E2.4** |
| 260. | Карго аеродроми | **E2.4** |
| 261. | Спортски аеродроми | **E2.4** |
| 262. | Земјоделски аеродроми | **E2.4** |
| 263. | Згради за контрола на летењето (контролни кули) | **E2.4** |
| 264. | Хангари за авиони | **E2.4** |
| 265. | Гаражи за аеродромска механизација | **E2.4** |
| | **Згради на водениот сообраќај** | **E2.5** |
| 266. | Пристанишни терминали | **E2.5** |
| 267. | Хангари за пловила | **E2.5** |
| | Згради на поштенскиот промет | **E2.5** |
| 268. | **Поштенски згради** | **E2.6** |
| 269. | Диспечерски центри | **E2.6** |
| 270. | Центри за експедиција | **E2.6** |
| | **Згради на телекомуникациите** | **E2.7** |
| 271. | Телекомуникациски центри | **E2.7** |
| 272. | Телефонски централи | **E2.7** |
| 273. | Згради за радио и телевизиска продукција и емитување | **E2.7** |
| 274. | Згради и кули на големи релејни и антенски станици | **E2.7** |
| 275. | Згради за сателитски телекомуникации | **E2.7** |
| | **ГРАДБИ ОД НИСКОГРАДБАТА - ИНФРАСТРУКТУРИ** | |
| | **Сообраќајни инфраструктури** | **E1** |
| | **Јавни патишта со пратечките градби и инсталации** | **E1.1** |
| 276. | Автопати од меѓународни патни коридори | **E1.1** |
| 277. | Државни автопати | **E1.1** |
| 278. | Експресни патишта | **E1.1** |
| 279. | Регионални патишта | **E1.1** |
| 280. | Локални патишта | **E1.1** |
| 281. | Примарни улични мрежи во населени места | **E1.1** |
| 282. | Секундарни улични мрежи во населени места | **E1.1** |
| 283. | Раскрсници во различни нивои, подвозници, надвозници и други градби на патната инфраструктура | **E1.1** |
| 284. | Јавни паркиралишта | **E1.1** |
| 285. | Велосипедски патеки | **E1.1** |
| 286. | Пешачки простори, улици и патеки | **E1.1** |
| 287. | Индустриски улици | **E1.1** |
| 288. | Земјоделски и шумски земјани патишта | **E1.1** |
| 289. | Инсталации за расвета, сигнализација и опрема на патниот сообраќај | **E1.1** |
| | **Железнички пруги** | **E1.2** |
| 290. | Железнички пруги од меѓународни сообраќајни коридори | **E1.2** |
| 291. | Главни меѓуградски железнички пруги | **E1.2** |

| | | |
|---|---|---|
| 292. | Споредни колосеци | **E1.2** |
| 293. | Пруги во железничките станици | **E1.2** |
| 294. | Пруги во ранжирните станици | **E1.2** |
| 295. | Пруги во товарните станици | **E1.2** |
| 296. | Железнички преоди и раскрсници | **E1.2** |
| 297. | Градски железници | **E1.2** |
| 298. | Градски подземни железници | **E1.2** |
| 299. | Трамвајски пруги | **E1.2** |
| 300. | Индустриски пруги | **E1.2** |
| 301. | Туристички пруги - теснолинејки | **E1.2** |
| 302. | Инсталации за расвета, сигнализација и опрема на шинскиот сообраќај | **E1.2** |
| | **Аеродромски писти** | **E1.3** |
| 303. | Аеродромски писти за меѓународни аеродроми | **E1.3** |
| 304. | Аеродромски писти за локални аеродроми | **E1.3** |
| 305. | Аеродромски писти за карго аеродроми | **E1.3** |
| 306. | Аеродромски писти за воени аеродроми | **E1.3** |
| 307. | Аеродромски писти за земјоделски аеродроми | **E1.3** |
| 308. | Аеродромски писти за спортски аеродроми | **E1.3** |
| 309. | Писти за хелиодроми | **E1.3** |
| 310. | Инсталации за сигнализација и опрема на воздушниот сообраќај | **E1.3** |
| | **Мостови, вијадукти, тунели и подземни пролази** | **E1.1 E1.2** |
| 311. | Патни и железнички мостови и вијадукти на меѓуградски сообраќајни патишта и пруги | **E1.1 E1.2** |
| 312. | Патни и железнички мостови и вијадукти на меѓународни сообраќајни коридори | **E1.1 E1.2** |
| 313. | Градски мостови за патен и железнички сообраќај | **E1.1 E1.2** |
| 314. | Покретни мостови | **E1.1** |
| 315. | Селски и шумски мостови | **E1.1** |
| 316. | Пешачки мостови (речни) | **E1.1** |
| 317. | Мостовски градски пешачки премини | **E1.1** |
| 318. | Мали пешачки мостови (за парковски канали) | **E1.1** |
| | Тунели и подземни пролази | **E1.1 E1.2** |
| 319. | Патни и железнички тунели и подземни пролази на меѓународни сообраќајни коридори | **E1.1 E1.2** |
| 320. | Патни и железнички тунели и подземни пролази на меѓуградски сообраќајни патишта и пруги | **E1.1 E1.2** |
| 321. | Градски тунели и подземни пролази за патен и железнички сообраќај | **E1.1 E1.2** |
| 322. | Градски подземни пешачки галерии и пролази | **E1.1 E1.2** |
| | **Хидротехнички инфраструктури** | **E1.4** |
| | **Езерски и речни пристаништа** | **E1.4** |
| 323. | Пристаништа | **E1.4** |
| 324. | Марини | **E1.4** |
| 325. | Докови | **E1.4** |
| 326. | Гатови | **E1.4** |
| 327. | Молови | **E1.4** |
| | Пловни канали | **E1.4** |

| | | |
|---|---|---|
| 328. | Регулации - изградени брегови | **E1.4** |
| 329. | Устави | **E1.4** |
| 330. | Тунели за каналите | **E1.4** |
| 331. | Сервисни патеки | **E1.4** |
| | **Речни градби** | **E1.4** |
| 332. | Регулации - изградени брегови | **E1.4** |
| 333. | Устави | **E1.4** |
| 334. | Сервисни патеки | **E1.4** |
| 335. | Скали, рампи и други градби во регулацијата | **E1.4** |
| | **Бетонски брани, регулации и заштитни ѕидови** | **E1.4** |
| 336. | Бетонски брани за вештачки и акумулациони езера | **E1.4** |
| 337. | Бетонски брани и заштитни ѕидови за регулација на водотеци | **E1.4** |
| | **Земјани брани и насипи** | **E1.4** |
| 338. | Брани за акумулациони езера | **E1.4** |
| 339. | Брани за регулација на водотек | **E1.4** |
| 340. | Заштитни брани (од поплави) | **E1.4** |
| 341. | Насипи за регулација на водотек | **E1.4** |
| 342. | Заштитни насипи | **E1.4** |
| | **Регулација на реки и порои** | **E1.4** |
| 343. | Заштита од ерозија на сливот | **E1.4** |
| 344. | Заштитни насипи | **E1.4** |
| 345. | Ретенциони езера | **E1.4** |
| 346. | Градби за заштита од големи води | **E1.4** |
| | **ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ** | |
| | **Инфраструктури на водоснабдувањето** | **E1.5** |
| 347. | Каптажи | **E1.5** |
| 348. | Бунари | **E1.5** |
| 349. | Водозафат на река | **E1.5** |
| 350. | Таложници за песок | **E1.5** |
| 351. | Водозафат од канал | **E1.5** |
| 352. | Водозафат од акумулација | **E1.5** |
| 353. | Водозафат за атмосферски води | **E1.5** |
| | **Градби за пумпање и пречистување на водата** | **E1.5** |
| 354. | Пумпни станици | **E1.5** |
| 355. | Хидрофори | **E1.5** |
| 356. | Градби за пречистување на вода за пиење | **E1.5** |
| 357. | Градби за дезинфекција на вода за пиење | **E1.5** |
| | **Градби на водоснабдителните инфраструктури** | **E1.5** |
| 358. | Собирни комори | **E1.5** |
| 359. | Прекидни комори | **E1.5** |
| 360. | Разделни шахти | **E1.5** |
| 361. | Шахти за воздушни вентили | **E1.5** |
| 362. | Шахти за испусни вентили | **E1.5** |
| 363. | Шахти за секторски затворачи | **E1.5** |
| 364. | Водомерни шахти | **E1.5** |
| 365. | Шахти за регулациона опрема | **E1.5** |
| 366. | Анкерни блокови | **E1.5** |
| 367. | Премини под река или дол | **E1.5** |

| | | |
|---|---|---|
| 368. | Премини под патни и железнички линии | **Е1.5** |
| | **Резервоари** | **Е1.5** |
| 369. | Вкопани резервоари | **Е1.5** |
| 370. | Кула резервоари | **Е1.5** |
| | **Доводи на вода и водоводни мрежи** | **Е1.5** |
| 371. | Доводни канали | **Е1.5** |
| 372. | Доводни гравитациони и пумпни цевководи | **Е1.5** |
| 373. | Водоводни мрежи и цевководи за транспорт на вода | **Е1.5** |
| 374. | Цевководи за транспорт на вода за специјални намени | **Е1.5** |
| | **Топловоди** | **Е1.7** |
| 375. | Канали и цевководи за транспорт на топла вода | **Е1.7** |
| 376. | Пумпни станици за топловоди | **Е1.7** |
| 377. | Топловодни шахти | **Е1.7** |
| | **Пароводи** | **Е1.7** |
| 378. | Канали и цевководи за транспорт на водена пареа | **Е1.7** |
| 379. | Пумпни станици за пароводи | **Е1.7** |
| 380. | Пароводни шахти | **Е1.7** |
| | **Канализациска инфраструктура – фекална и атмосферска** | **Е1.6** |
| 381. | Примарна канализациска мрежа | **Е1.6** |
| 382. | Секундарна канализациска мрежа | **Е1.6** |
| 383. | Канализациски колектори | **Е1.6** |
| | **Градби за пумпање и пречистување на водата** | **Е1.6** |
| 384. | Пумпни станици | **Е1.6** |
| 385. | Градби за пречистување на отпадни води | **Е1.6** |
| | **Градби на канализациски инфраструктури** | **Е1.6** |
| 386. | Ревизиони шахти | **Е1.6** |
| 387. | Каскадни ревизиони шахти | **Е1.6** |
| 388. | Сифони | **Е1.6** |
| 389. | Натеги | **Е1.6** |
| 390. | Премини под патни и железнички линии | **Е1.6** |
| | **Посебни градби на канализациски инфраструктури за атмосферски води** | **Е1.6** |
| 391. | Преливници | **Е1.6** |
| 392. | Ретензиони базени | **Е1.6** |
| 393. | Сепаратори за масла | **Е1.6** |
| 394. | Таложници | **Е1.6** |
| 395. | Септички јами | **Е1.6** |
| | **Инфраструктури за одводнување на земјоделска површина** | **Е1.11** |
| 396. | Ободни канали | **Е1.11** |
| 397. | Дренажни канали | **Е1.11** |
| 398. | Собирни канали | **Е1.11** |
| 399. | Одводнителни канали | **Е1.11** |
| 400. | Главни одводни канали | **Е1.11** |
| | Градби за пумпање на водата за земјоделска површина | **Е1.11** |
| 401. | Пумпни станици | **Е1.11** |
| | **Градби на инфраструктури за одводнување  за земјоделска површина** | **Е1.11** |
| 402. | Градби за заштита од големи води | **Е1.11** |
| 403. | Сифони | **Е1.11** |

| | | |
|---|---|---|
| 404. | Натеги | **E1.11** |
| 405. | Премини под патни и железнички линии | **E1.11** |
| | **Инфраструктури за зафаќање на вода за земјоделска површина** | **E1.11** |
| 406. | Каптажи | **E1.12** |
| 407. | Бунари | **E1.12** |
| 408. | Водозафат на река | **E1.12** |
| 409. | Taложници за песок | **E1.12** |
| 410. | Водозафат од канал | **E1.12** |
| 411. | Водозафат од акумулација | **E1.12** |
| | **Градби за пумпање и филтрирање на водата за земјоделска површина** | **E1.12** |
| 412. | Пумпни станици | **E1.12** |
| 413. | Хидрофори | **E1.12** |
| 414. | Градби за филтрирање на водата за наводнување | **E1.12** |
| | **Инфраструктури за наводнување на земјоделска површина** | **E1.12** |
| 415. | Собирни комори | **E1.12** |
| 416. | Прекидни комори | **E1.12** |
| 417. | Разделни шахти | **E1.12** |
| 418. | Шахти за воздушни вентили | **E1.12** |
| 419. | Шахти за испусни вентили | **E1.12** |
| 420. | Шахти за секторски затворачи | **E1.12** |
| 421. | Водомерни шахти | **E1.12** |
| 422. | Шахти за регулациона опрема | **E1.12** |
| 423. | Анкерни блокови | **E1.12** |
| 424. | Премини под река или дол | **E1.12** |
| 425. | Премини под патни и железнички линии | **E1.12** |
| | **Доводи на вода и мрежи за наводнување за земјоделска површина** | **E1.12** |
| 426. | Доводни канали | **E1.12** |
| 427. | Доводни гравитациони и пумпни цевководи | **E1.12** |
| 428. | Мрежи за наводнување | **E1.12** |
| 429. | Изливни базени | **E1.12** |
| | Цевни водови и продуктоводи | **E1.12** |
| | **Нафтоводи** | **E1.10** |
| 430. | Меѓународни надземни, подземни или подводни нафтоводи | **E1.10** |
| 431. | Црпни станици за меѓународни нафтоводи | **E1.10** |
| 432. | Меѓуградски (меѓумесни) нафтоводи | **E1.10** |
| 433. | Црпни станици за меѓуградски нафтоводи | **E1.10** |
| 434. | Надземни и подземни складишта за нафта и нафтни производи | **E1.10** |
| | **Гасоводи** | **E1.10** |
| 435. | Меѓународни ( интерконективни ) гасоводи и припадни градби, опрема и постројки | **E1.10** |
| 436. | Меѓуградски и разводни високопритисни гасоводи и припадни градби, опрема и постројки | **E1.10** |
| 437. | Градски и локални високопритисни гасоводи и припадни градби, опрема и постројки | **E1.10** |

| | | |
|---|---|---|
| 438. | Дистрибутивни нископритисни гасоводни мрежи и припадни градби, опрема и постројки | **Е1.10** |
| 439. | Припадни градби, опрема и постројки: мерни станици, мерно-регулациони станици, приемни и отпремни чистачки станици, филтерски станици, блок станици, шахти, разделни јазли, катодни станици и др. | **Е1.10** |
| | **Хемиски и други продуктоводи** | **Е1.10** |
| 440. | Меѓумесни надземни и подземни продуктоводи | **Е1.10** |
| 441. | Постројки за продуктоводи | **Е1.10** |
| | **Водови за пренос на електрична енергија** | **Е1.8** |
| 442. | Водови на високонапонските далноводи | **Е1.8** |
| 443. | Столбови на далноводот – пилони | **Е1.8** |
| 444. | Високонапонски трансформаторски станици | **Е1.8** |
| 445. | Високо и средно напонски електрични водови | **Е1.8** |
| 446. | Столбови на далноводот | **Е1.8** |
| 447. | Трансформаторски станици и подстаници | **Е1.8** |
| 448. | Локални средно и нисконапонски електрични водови | **Е1.8** |
| 449. | Помошни инсталации – столбови, бандери, шахти | **Е1.8** |
| 450. | Локални трансформаторски станици и подстаници | **Е1.8** |
| | **Телекомуникациски водови** | **Е1.9** |
| | **Меѓународни и меѓуградски телекомуникациски водови** | **Е1.9** |
| 451. | Надземни или подземни телекомуникациски водови и мрежи | **Е1.9** |
| 452. | Релејни системи | **Е1.9** |
| 453. | Телекомуникациски столбови, кули и антени | **Е1.9** |
| | **Локални телекомуникациски водови** | **Е1.9** |
| 454. | Надземни и подземни водови и мрежи | **Е1.9** |
| 455. | Помошни инсталации – столбови, бандери, шахти, антени | **Е1.9** |
| | **ЕНЕРГЕТСКИ ГРАДБИ** | |
| | **Градби за производство на електрична енергија** | **Г1.9** |
| | **Хидроелектрани** | **Г1.9** |
| 456. | Големи хидроелектрани | **Г1.9** |
| 457. | Средни хидроелктрани | **Г1.9** |
| 458. | Мали хидроелектрани | **Г3.7** |
| | **Термоелектрани** | **Г1.9** |
| 459. | Термоелектрични централи на јаглен | **Г1.9** |
| 460. | Термоелектрични централи на мазут | **Г1.9** |
| 461. | Термоелектрични централи на природен гас | **Г1.9** |
| 462. | Термоелектрични централи на биогориво | **Г1.9** |
| 463. | Термоелектрични централи на отпадни материјали | **Г1.9** |
| 464. | Мали генератори на внатрешно согорување | **Г1.9** |
| 465. | Силоси за кондензација | **Г1.9** |
| | **Јаловишта** | **Е3.1** |
| 466. | Јаловишта и пепелишта | **Е3.1** |
| 467. | Брани со акумулации на јаловина или пепел | **Е3.1** |
| | **Нуклеарни електрани** | **Г1.9** |
| 468. | Нуклеарни електрани | **Г1.9** |
| | **Ветерни електрани** | |

| | | |
|---|---|---|
| 469. | Ветерни електрани | **Г3.7** |
| 470. | Големи плантажи со над 10 ветерници | **Г3.7** |
| 471. | Мали плантажи до 10 ветерници | **Г3.7** |
| 472. | Поединечни ветерници | **Г3.7** |
| | **Сончеви електрани** | **Г3.7** |
| 473. | Фотоволтаични електрани | **Е1.13** |
| 474. | Концентациони сончеви електрани | **Г3.7** |
| | **ТЕШКА ИНДУСТРИЈА** | |
| | **Топлани** | **Г1.9** |
| 475. | Термоелектрични топлани | **Г1.9** |
| 476. | Термогасни топлани | **Г1.9** |
| 477. | Топлани на мазут | **Г1.9** |
| 478. | Топлани на биогорива | **Г1.9** |
| | **Градби за рударство и вадење на нафта и гас** | **Г1.1** |
| 479. | Градби и постројки за површински копови | **Г1.1** |
| 480. | Градби и постројки за подземни копови | **Г1.1** |
| 481. | Окна и подземни градби | **Г1.1** |
| 482. | Транспортни ленти | **Г1.1** |
| 483. | Товарни станици | **Г1.1** |
| 484. | Вентилациски кули | **Г1.1** |
| 485. | Објекти и постројки за вадење на нафта и гас | **Г1.1** |
| 486. | Каменоломи | **Г1.1** |
| | **Тешка градежна индустрија за производство на неметали** | **Г1.4** |
| 487. | Градби за производство на цигли, ќерамиди и друга теракота | **Г1.4** |
| 488. | Градби за производство на порцулани и друга керамика | **Г1.4** |
| 489. | Градби за производство на гипс и гипсени производи | **Г1.4** |
| 490. | Цементари | **Г1.4** |
| 491. | Градби за производство и преработка на неметали | **Г1.4** |
| 492. | Градби за преработка на дрво, целулоза и хартија | **Г1.4** |
| | **Базна и преработувачка хемиска и петрохемиска индустрија** | **Г1.2** |
| 493. | Градби и постројки на хемиската индустрија | **Г1.2** |
| 494. | Градби за прерабока на нафта | **Г1.2** |
| 495. | Градби за преработка на гас | **Г1.2** |
| 496. | Рафинерии | **Г1.2** |
| 497. | Коксари и плинари | **Г1.2** |
| 498. | Градби за производство на кожа, каучук и гума | **Г1.5, Г1.** |
| 499. | Градби за производство на биогориво и биотечности | **Г1.2** |
| 500. | Градби за производство на радиоизотопи и радиоактивни супстанци | **Г1.2** |
| 501. | Градби за производство на експлозивни производи и муниција | **Г1.6** |
| | **Тешка металопреработувачка индустрија - црна металургија** | **Г1.3** |
| 502. | Железарски комплекси | **Г1.3** |
| 503. | Валавници | **Г1.3** |
| 504. | Ливници | **Г1.3** |
| 505. | Топилници со високи печки | **Г1.3** |
| | **Обоена металургија** | **Г1.3** |
| 506. | Металопреработувачки комплекси | **Г1.3** |
| 507. | Градби за производство на лимови и кабли | **Г1.3** |

| | | |
|---|---|---|
| 508. | Ливници | **Г1.3** |
| 509. | Топилници со високи печки | **Г1.3** |
| | **ОСТАНАТИ НЕКЛАСИФИКУВАНИ ГРАДБИ И ГРАДЕЖНИ РАБОТИ** | |
| | **Теренски градби за спорт и рекреација** | **Д3** |
| 510. | Спортски терени на отворено | **Д3.1** |
| 511. | Забавни паркови на отворено | **Д3.4** |
| 512. | Скијашки патеки и лифтови | **Д3.2** |
| 513. | Игралишта за голф | **Д3.2** |
| 514. | Хиподроми | **Д3.2** |
| 515. | Јавачки патеки | **Д3.2** |
| 516. | Трим патеки | **Д3.2** |
| 517. | Објекти за водени и пливачки спортови | **Д3.3** |
| | **Градби од живо зеленило** | **Д1** |
| 518. | Јавни паркови | **Д1.1** |
| 519. | Зелени скверови | **Д1.1** |
| 520. | Дрвореди и друго украсно и заштитно урбано зеленило | **Д2.1, Д2.2** |
| 521. | Парк-шуми | **Д1.3** |
| 522. | Арборетуми | **Д1.4** |
| 523. | Ботанички бавчи | **Д1.4** |
| | **Специјални градби за потреби на армијата** | **Е3.3** |
| 524. | Војни утврдувања | **Е3.3** |
| 525. | Стражарски пунктови | **Е3.3** |
| 526. | Воени стрелишта | **Е3.3** |
| 527. | Воени полигони | **Е3.3** |
| | **Отпади и депонии** | **Е3.1** |
| 528. | Регионални депонии за одлагање на неопасен отпад | **Е3.1** |
| 529. | Локални депонии за одлагање на неопасен отпад | **Е3.1** |
| 530. | Специјализирани депонии за одлагање на опасен отпад | **Е3.2** |
| 531. | Постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад | **Е3.1** |
| 532. | Постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на опасен отпад | **Е3.2** |
| 533. | Отпади за сортирање и рециклирање | **Е3.1** |
| 534. | Складиштење на радиоактивни супстанци и отпадни материи | **Е3.2** |
| | **Геотехнички конструкции, помошни и времени градби, елементи на внатрешниот моторен и пешачки сообраќај, градби за оградување, подзидување, урбана опрема и други работи што се комплементарни градб кои немаат самостојна намена во планирањето** | |
| 535. | Плитко темелење | - |
| 536. | Длабоко темелење | - |
| 537. | Машински темели | - |
| 538. | Заштита на градежни јами и длабоки ископи | - |
| 539. | Земјени насипи | - |
| 540. | Насипи од армирана земја | - |
| 541. | Стабилизација на косини | - |
| 542. | Санација на свлечишта | - |
| 543. | Одлагалишта на вишок земјан материјал | - |

| | | |
|---|---|---|
| 544. | Потпорни тела со габиони | - |
| 545. | Потпорни ѕидови | - |
| 546. | Потпорни анкерни конструкции | - |
| 547. | Подобрување на подлога | - |
| 548. | Инјекциони работи | - |
| 549. | Геотермални конструкции | - |
| 550. | Темелење на градби во водена средина | - |
| | **Помошни и времени градби** | - |
| | **Елемени на внатрешниот колски и пешачки сообраќај** | - |
| 551. | Пешачки патеки | - |
| 552. | Паркинзи и паркинг места | - |
| 553. | Автомобилски патеки и пристапни површини | - |
| 554. | Автомобилски рампи | - |
| 555. | Гаражи | - |
| | **Помошни градби и градби за нивно надкривање** | - |
| 556. | Тераси и платформи | - |
| 557. | Тремови, перголи и надстреи | - |
| 558. | Базени и украсни езерца | - |
| 559. | Дворни куќарки | - |
| 560. | Куќички за животни | - |
| 561. | Спремишта за алати и дворни машини | - |
| 562. | Објекти за чуварски служби и обезбедување | - |
| | **Градби за оградување, подѕидување и партерни градби** | - |
| 563. | Оградни ѕидови | - |
| 564. | Огради | - |
| 565. | Оградни парапети со огради | - |
| 566. | Надоѕидоци и подѕидоци | - |
| 567. | Спортски терени и терени и платформи за игра | - |
| | **Инфраструктурни водови и градби од внатрешен тип** | - |
| 568. | Инфраструктурни водови од приклучокот до градбата | - |
| 569. | Шахти, ормари, шалтер табли | - |
| 570. | Спремишта за комунален отпад | - |
| | Времени градби и партерни зафати | - |
| 571. | Времени градби, конструкции и опрема за манифестации | - |
| 572. | Градби и опрема за производство на билки | - |
| 573. | Стакленици, времени објекти за продажба на цвеќе | - |
| 574. | Тенди, стреи и опрема за зелени пазари | - |
| | **Урбана опрема** | - |
| 575. | Киосци и трафики | - |
| 576. | Улични тенди, тезги и шатори за комерцијални манифестации | - |
| 577. | Натстреи за станици за јавен превоз | - |
| 578. | Градби, инсталации и опрема за сместување на комунален отпад | - |
| 579. | Рекламни паноа, банери и други објекти за огласување и упатување | - |
| 580. | Урбана опрема: столбни светилки, столбчиња и сл. | - |

Член 20

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-6429/1
20 септември 2021 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Благој Бочварски,** с.р.